**Република Северна Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА**
Бр. 04-3873/9
03. 10. 2019 2019 година
С к о п ј е

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ"бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18), државниот секретар во Министерството за правда донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1. **КИРО ЦВЕТКОВ** ***се избира*** од предложената ранг листа на кандидати по Интерниот оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за правда број 01/2019, за работно место виш соработник за следење на реализација на активности за членство во НАТО, во Одделението за меѓународна правна соработка и соработка со НАТО-Сектор за меѓународна правна соработка, со звање виш соработник, шифра на работно место УПР0101В02000.

2. Со именуваниот ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-5017/2 од 16.07.2019 година, на ден 19.09.2019 година на веб страниците на Министерството за правда и на Агенцијата за администрација објавен е Интерниот оглас број 01/2019 за унапредување на двајца административни службеници во Министерството за правдамеѓу кои и за работното место виш соработник за следење на реализација на активности за членство во НАТО.

Со Решение број 04-3873/6 од 27.09.2019 година, формирана е Комисија за унапредување на административен службеник.

На Јавниот оглас за горенаведеното работно место се пријавија двајца кандидати. Комисијата спроведе постапка за административна селекција и одржа интервју со единствениот кандидат, чија пријава беше комплетна и кој ги исполнува условите утврдени во Законот за административни службеници и пропишани во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда.

Врз основа на добиените бодови од спроведената административна селекција и од одржаното интервју, изготвена е Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на предложената ранг листа, а со оглед дека целата постапка се спроведе со еден кандидат, државниот секретар за работно место виш соработник за следење на реализација на активности за членство во НАТО во Одделението за меѓународна правна соработка и соработка со НАТО-Сектор за меѓународна правна соработка, го избра кандидатот Киро Цветков.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозититвот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА** : Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да изјави жалба до Агенцијата за администрација,

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Faton Selami

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот-та,
- Одделение за човечки ресурси,
- Архива

Изготвил : Маја Маљановска, раководител на сектор